Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 36 став (1) точка 1 и точка 15 од истиот Закон и член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став (5) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019; 146/2019; 275/2019; 89/2020; 302/2020; 311/2020; 163/2021; 294/2021; 99/2022; 236/2022; 273/2022 и 65/2023), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 15.12. 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за остварување на социјална, детска и здравствена заштита**
**на Општина Кочани за 2024 година**

I.

Појдовна основа

Остварувањето на социјалната, детска и здравствена заштита во општина Кочани се заснова на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејството; Програмата за остварување на социјална заштита во РСМ; Националната програма за развој на социјалната заштита од 2022-2032; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Кочани, со кои се уредени правата од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Кочани и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита.

Во Програмата се применети определбите на Локалната самоуправа со која се имплементираат стратешките приоритети на Општината за тековната година, согласно Буџетот на Општина Кочани, како и мерките утврдени со политиката и документите на национално ниво.

Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Активностите на Општина Кочани од областа на социјалната, детска и здравствена заштита во 2024 година ќе се реализираат во согласност со расположливите финансиски средства.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Меѓуопштински центар за социјална работа, ПС од општа надлежност Кочани, Фонд за здравствено осигурување, Центар за вработување, училиштата, градинката, Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кочани, Министерството за труд и социјална политика,

Агенцијата за вработување, како и други министерства, државни органи, установи и институции, приватниот и јавниот сектор и невладини организации.

Активностите во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во општина Кочани за 2024 година се поделени зависно од областите во кои се делува и тоа:

1. **ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК**
2. **НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ**
3. **ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**
4. **ДЕТСКА ЗАШТИТА**
5. **ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитеот на граѓаните за водење на активен, независен и продуктивен живот.

Носители на социјалната заштита се Републиката, Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со Законот за социјалната заштита.

## 1. ПОМОШ НА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ЛИЦА И ЛИЦА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

*Опис на планираните активности*

Согласно член 4 став 1 точка 2 од Законот за социјалната заштита, **„Социјален ризик“** е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во состојба да има потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост;

Во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2024 година лицата во социјален ризик и социјално загрозените лица како целна група

Општина Кочани ги овозможува следните видови на помош:

**1.1.** <u>**Помош во лекови**</u>

Овој вид на помош е воспоставена со цел да им се помогне на лица во социјален ризик кои не се во состојба да си ги обезбедат потребните лекови сами, да им бидат обезбедени бесплатно. Максималниот износ по барател за овој вид помош изнесува 3.000 денари. Помошта во лекови ќе се дава само на лица болни од карцином, лица со попреченост и болни од ретки болести, а не и на социјално загрозени лица.Помошта ќе се дава согласно Правилник за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017 и бр.1/2018, бр. 1/2022 ).

**Планирани средства.......................................................................450.000 денари**

**1.2.** <u>**Помош во автобуски карти заради лекување надвор од градот**</u>

Овој вид на помош е наменета за социјално загрозените граѓани и лица во социјален ризик со цел да им се олесни патувањето надвор од градот Кочани заради лекување. Семејствата кои едвај успеваат да го поминат месецот имаат потешкотии да отидат на прегледи надвор од градот Кочани поради недостиг на средства. Од таа причина Општина Кочани години повеќе од 10 години ја доделува оваа помош и им овозможува на социјално загрозените семејства да користат бесплатни автобуски карти. Помошта се дава на период од 3 месеци по корисник. Болните од карцином истата помош ќе ја користат под посебни услови кои ќе бидат утврдени во постапка пропишана со Правилник за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за набавување на лекови кои не се наоѓаат на Позитивната листа на лекови, како и за обезбедување на карта за превоз за лекување во здравствена установа надвор од градот Кочани и карта за превоз за лица сместени во специјализирани установи надвор од градот Кочани донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017 и бр.1/2018 и бр...../2022).

**Планирани средства...........................................................................100.000 денари.**

**1.3.<u>Помош во социјален пакет за новородено дете од социјално загрозено семејство</u>**

Општина Кочани доделува помош во вид на социјален пакет за новородени деца од социјално загрозени семејства во пелени, средства за хигиена, кашички и други бебешки производи.

Вредноста на социјалниот пакет за новороденче од социјално загрозено семејство изнесува 3.500,00 денари и еден барател може да го користи четирикратно односно на секои три месеци до наполнување на една година старост на новороденото. Истата се подига од аптеките во Општина Кочани.

Социјалната помош во вид на социјален пакет за новороденче од социјално загрозено семејство, жители на Општина Кочани се доделува на начин, услови и критериуми утврдени со Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна помош во вид на социјални пакети за новородени деца од социјално загрозени семејства, жители на општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.13/2017 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за уредување на поблиските услови, критериуми и начинот на доделување на еднократна помош во вид на социјални пакети за новородени деца од социјално загрозени семејства,жители на Општина Кочани „Службен гласник на Општина Кочани бр.7/2020 г.)

**Планирани средства ..........................................80.000 денари**

**1.4.<u>Помош во болничко лекување</u>**

Овој вид на помош се доделува на материјално необезбедени граѓани кои престојувале на болничко лекување во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани, а спаѓаат во категоријата на осигурени лица чиј месечен нето приход во семејството е помал од 60% од просечната нето плата во Републиката во претходната година, а кои во текот на една календарска година треба да платат учество во болничко лекување во износ повисок од 20% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, за да се ослободат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство, и осигурени лица деца од 1 до 5 години возраст, кои во текот на една календарска година треба да платат учество во болничко лекување во износ повисок од 20% од просечната месечна нето плата остварена во Републиката во претходната година, за да се ослободат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги за болничко лекување, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство. Овој вид на помош се доделува согласно Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за болничко лекување за одредени категории на осигурени лица донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.5/2018 и бр.10/2018).

**Планирани средства.......................................................50.000 денари.**

**1.5.<u>Помош за лекување на тешко болни лица</u>**

Со овој вид на помош се предвидува финансиска помош на тешко болни лица жители на Општина Кочани кои имаат потреба од лекување во земјата или странство или од ортопедски помагала кои не се на листата на Фондот за здравствено осигурување. Опфатени се лица кои страдаат од тешки вродени и стекнати заболувања, како целебрална парализа, заболувања кои се лекуваат со пресадување на матични клетки и коскена срж, заболувања со пресадување/ трансплатација на орган/и, тешки очни заболувања (макуларна дегенерација и ретиопатија спигментоза). Оваа помош е наменета за лица кои се подложени на тешки операции, како и за обезбедување на здравствени помагала, додатоци за ампутиран/и дел/ови од телото – кои не паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на РСМ и за тешко боледување на дете, нега на тешко болно дете со возраст до 18 години (карцином, целебрална парализа, деца со ретки болести и др.). Помошта се доделува на начин, услови и критериуми утврдени со Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на Општина Кочани кои се нашле во положба на социјален ризик бр.09-2434/1 од 14.11.2018 и прњечистен текст од Правилникот бр.09-330/2 од 31.01.2022 година.

**Планирани средства ...............................................................250.000 денари.**

1.6.**Еднократна парична помош**

Еднократна парична помош ќе можат да користата лица/семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик поради смрт на член од семејство, тешка болест, лице со попреченост во семејството, а покрај се и материјална необезбеденост. Ќе се изготви Правилник за доделување на еднократна парична помош вокој ќе бидат поместени критериумите за доделување на истата. Се планира износот на истата да биде најмалку до 10.000 денари

**Планирани средства.........................................................................220.000 денари**

**1.7.<u>Помош во градежни материјали</u>**

Една од обврските на Општините согласно Законот за социјална заштита во однос на социјално загрозените граѓани е и домувањето. Во тој контекст Општина Кочани спроведува социјална мерка преку која доделува финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за поправка и оспособување на станбен простор. Финансиската помош се доделува од Буџетот на општината и е во градежни материјали.

Истата се доделува во два случаеви:

-состојба на распаѓање на станбениот простор поради дотраеност и потреба од поправка и оспособување на истиот, а граѓанинот нема материјални можности тоа сам да го направи;

- во состојба на елементарна природна непогода (пожар и сл.) станбениот простор е уништен не по вина на барателот и е потребно негово санирање.

Финансиската помош за санирање на дотраен објект од пропаѓање се одобрува во висина најмногу до 40.000,00 денари, според приложена спецификација од стручна комисија за оспособување на објектот.

Финансиската помош за оспособување и обновување на уништен објект поради невреме или природна непогода (поплава, пожар,земјотрес и сл.) се одобрува во висина најмногу до 70.000,00 денари, според приложена спецификација од стручна комисија.

Начинот и условите за доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за поправка и оспособување на станбен простор се утврдени со Правилник за уредување на начинот и условите на доделување на финансиска помош на социјално загрозени граѓани, жители на општина Кочани за поправка и оспособување на станбен простор донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.13/2017). Бидејќи се зголемени износите на овие помошти, за реализација на истите се планира измената на овој Правилник која ќе ја донесе Советот на Општина Кочани.

**Планирани сресства ..............................................................400.000 денари**

| |
|---|
| **Рекапитулар** |
| **за точка 1. Помош на социјално загрозени лица и лица во социјален ризик**: |
| 1.1.Помош во лекови...........................................................................450.000 денари |
| 1.2.Помош во автобуски карти за лекување надвор од градот............100.000 денари |
| 1.3.Помош во социјален пакет за новороденче....................................80.000 денари |
| 1.4.Помош за болничко лекување.......................................................... 50.000 денари |
| 1.5.Помош за лекување на тешко болни лица.......................................250.000 денари |
| 1.6.Еднократна парична помош............................................................220.000 денари |
| **1.6.** Помош во градежни материјали…………………………………..400.000 денари |
| **ВКУПНО: 1.550.000денари** |

## 2. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ

*Опис на планираните активности и мерки*

### 2.1. Поддршка на граѓански здруженија кои работат на полето на социјалната заштита

Општина Кочани обезбедува поддршка на здруженија на граѓани кои работат на полето на социјалната заштита, на граѓански организации кога им е потребна поддршка за остварување на одредено патување, настан и слично, но и на здруженијата на граѓани кои реализираат проекти од областа на социјалната заштита, а кои се важни за остварување на социјалната заштита во општината.

Социјалната исклученост ќе се намали со вклучување на невладиниот сектор во остварување на социјалната заштита како и помош на веќе постопечките здуженија кои работат во областа на социјалната заштита со социјално ранливите категории.

Невладини организации во општина Кочани кои работат на полето на социјалната заштита се:

- Мобилност Кочани
- Здружение за слепи
- Здружение за глуви и наглуви
- Црвен Крст Кочани
- ЗСЗЗ „Благородна мисија“ Кочани и др.

Заради обезбедување на транспарентна и рационална распределба на средствата од Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2024 година за граѓанските здруженија/невладини организациии, се утврдуваат следните критериуми:

**Критериуми за доделување на средства на здруженија/организации од областа на социјалната, детската и здравствената заштита**

Граѓанското здружение при поднесување на барање за добивање средства од Буџетот на Општина Кочани за реализација на проекти / настани / активности - самостојно или во соработка со други здруженија, организации, установи, институции, бизнис-сектор или поединци, треба да ги исполнува следните услови:

- Програмските активности и целите на Здружението и поединечните барања да бидат од областа на социјалната, детската или здравствената заштита и
- Да ја покаже јасно целта за намената на средствата.

**Планираните средства за реализација на активностите од точката 2.1. Поддршка на граѓански здруженија кои работат на полето на социјалната заштита изнесуваат.....................................................................90.000 денари.**

### 2.2. Одбележување на датуми поврзани со ранливите категории на граѓани

Општина Кочани ќе обезбеди поддршка и одбележување на значајните датуми од областа на социјалната и здравствената заштита како: Меѓународен ден на лицата со попреченост, ден на белиот стап, ден на децата без родители и родителска грижа и др.

**Планирани средства...................................................................30.000 денари**

**2.3.Дооформување на основно образование на невработени лица без основно обраозвание**

**Заради** зајакнување на активацијата на корисниците на гарантирана минимална помош во пазарот на трудот на лица ќе им се овозможи дооформување на основно образование;

Во текот на 2024 година се планира да се овозможи дооформување на основното образование на нови 10-13 невработени лица корисници на ГМП. Ова од причина што според податоците од Центарот за вработување најголемиот број на невработени и корисници на ГМП се лица без завршено основно образование. Со завршување на основно образование истите ќе можат да се вработат и да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Планирани средства..........................................................2**00.000 денари**

| |
|---|
| **Рекапитулар** |
| **за активностите од т.2.Намалување на социјалната исклученост:** |
| |
| 2.1.Поддршка на граѓански здруженија кои работат на полето полето на социјалната заштита...............................................................................................90.000 денари |
| 2.2.Одбележување на датуми поврзани со ранливите категории на граѓани..............................................................................................30.000 денари |
| **2.3.** Помош во дооформување на основно образование на невработени лица без основно обраозвание................................................................................... **200.000 денари** |
| |
| **ВКУПНО:320.000 денари** |

## 3 ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

*Опис на планираните активности и проекти*

**3.1.Проект „Инклузија на деца Роми во градинките“ - РЕФ, МТСП, ЛС**

Овој проект се реализира континуирано повеќе години од страна на РЕФ (Ромски едукативен фонд), Локалната самоуправа, МТСП (Министерството за труд и социјална политика) и градинката. Партиципацијата за престојот на децата Роми во градинката се обезбедуваше од страна на носителите на Проектот: Општината, МТСП, градинката. Во 2024 година во рамките на Проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, Општина Кочани ќе обезбеди финансиска поддршка за престој на деца Роми на возраст од 3-6 години, според следните критериуми:

1. Да спаѓаат во групата на социјално загрозени семејства, односно да исполнуваат еден од критериумите за докажување на материјалниот статус и тоа:

- Двајцата родители да се невработени;

- Да се корисници на гарантирана минимална помош, нега и помош на друго лице, траен надоместок, надоместок заради попреченост или да користи надоместок за плата на скратено работно време.

2. Барателите треба да се жители на Општина Кочани;

3. Децата за кои се поднесува барање за престој во градинката треба да се од ромска националност;

4. Детето што треба да биде згрижено во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ да е на возраст од 3-6 години;

5. Оваа подддршка се реализира до искористување на предвидените средства за оваа намена.

### 3.2.Програма-Општинско корисна работа

Општина Кочани веќе 10-та година е дел од Програмата ОКР (Општинско корисна работа). Бидејќи реализацијата на проектот започнува со месец септември, а завршува во мај следната година, во Програмата всушност планираме дел од трошоците од претходната година и почеток на трошоците за следната година.

Во текот на 2023 година преку програмата ОКР ангажирани се вкупно 15 лица преку проектот „Сплотеност“ – вклучени во 4 разични активности: негуватели на лица со попреченост, негуватели на деца од предучилишна возраст,лични асистенти и фасилитатор за социјален дијалог.

Оопштина ги поддржува овие работни ангажирања со 20% буџетски средства на ангажираните лица.

Одобрени од УНДП 2022/23 година: 1.485.000 денари + 337.750 одобрени од Општина Кочани, вкупно за проектот :1.822.750,00 денари. Се очекува слична сума да биде одобрена и во текот на 2024 година.

Планирани од Буџетот на Општината:.......................................**350.000 денари**

### 3.3.Проект за пружање на социјални услуги „Нега центар за стари лица“, финасиран од МТСП (Министерство за труд и социјална политика) преку Светска банка

Општина Кочани во текот на 2024 година се очекува да продолжи финансирањето на Нега центарот за стари лица , а со тоа продолжуваат и трошоците за канцеларијата каде се наоѓа Нега центарот односно тековните трошоци :струја, вода , интернет.

Овој проект подразбира воспоставување сервисна услуга за стари лица „Нега центар за стари лица“ во Кочани и Кочанско кој подразбира услуга во домашни услови, во кој се вклучени 16 негуватели за стари лица претходно обученизa нега на стари лица, лиценцирана организација Црвен крст која ја спроведува услугата и 50 корисници на услуги стари и немоќни лица кои имаат потреба од услуга во домашни услови и координтаор на нега центарот вработен во провајдер организацијата Црвен крст - општинска организација Кочани.

Во тек е постапка за проширување на капацитетите на Нега центарот за стари лица, веќе се обучени нови 10 лица од страна на провајдер организацијата Црвен крст Кочани, а во текот на периодот што следува ќе се достави потребната документација до МТСП за проширување на Центарот.

**(** *(Планирани од МТСП како дотација на Провајдер опрганизацијата Црвен крст-Општинска организација Кочани.........................................7.104.000,00 денари на сметка на Црвен крст Кочани).*

**3.4.Лична асистенција на лица со попреченост**

Во соработка со веќе лиценцираната провајдер организација Црвен крст-Општинска организација Кочани, Општина Кочани планира да аплицира за проект Услуги во домот -лична асистенција на лица со попреченост. Општина Кочани ќе биде во соработка со Црвен крст за заедничко реализиарање на овој проект.
За та намена општината планира средства за поддршка

Планирани средства......................................................**100.000 денари**

**3.5.Сензорна соба за деца со попреченост во ОУ „Св.Кирил и Методиј“**
Се работи на реалзиација на проект опремување на сензорна соба за деца со попреченост во ОУ „Св.Кирил и Методиј“, донација на ГИЗ, поддржано од ЗЕЛС , реалзирано од страна на фондацијата „Чекор по чекор“.

Од Буџетот на Општината не се издвојуваат средства, проектот е во тек и ќе се финализра во текот на следната година. Целта е подобрување на квалитетот на образовнио процес во основно училиште за децата со попреченост, но и за други деца како хиперактивни, анксиозни и сл..

**3.6.Ран детски развој за деца од предучилишна возраст (од ромска националност)**
Општина Кочани поднесува апликација за адаптација на простор за отворање на Центар за ран детски развој до Министерство за труд и социјална политика. Дополнително ќе се предвидуваат активности, до колку се одобри истиот.

| **Рекапитулар** |
|---|
| **за активности од точка 2. Зајакнување на социјалната превенција-проектни активности** |
| 3.2.Програма Општинско корисна работа на УНДП, МТСП и Општина Кочани (патни трошоци, дидактички помагала и други трошоци поврзани со реализација на проектот)..........................................................................................350.000,00 денари |

| |
|---|
| 3.4. Проект за социјални услуги- лична асистенција на лица со попреченост ..........................................................................................................100.000 денари . |
| **ВКУПНО: 450.000 денари,** |

Планирано за проектни активности во обласка на социјалната заштита во 2024 година од Буџетот на општина Кочани................ **400.000 денари**

Планирани од грантови: 1.650.000,00 денари (ОКР Прогарамата УНДП) + 7.104.000,00 денари денари (МТСП/Светска банка) =8.754.400,00 денари

## 4. ДЕТСКА ЗАШТИТА

*Опис на планирани активности*

### 4.1.Партиципација во згрижување на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани

Во соработка со Министерство за труд и социјална политика и ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, Општина Кочани партиципира во згрижување на деца на самохрани родители. Оваа активност ќе се реализира согласно член 1 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/14). Правото на партиципација во јавна установа за деца-детска градинка се остварува за дете од семејство на самохран родител (ако еден од родителите е починат или не е познат или му е одземено родителското право или ако од друга причина едниот родител е спречен да го врши родителското право), со плата и други месечни приходи во износ до минималната плата утврдена со закон.

Овој вид на партиципација во делот на детската заштита ќе се применува со цел да им се помогне на децата од еднородителски семејства бесплатно сместување во детската установа ЈОУДГ „Павлина Велјанова“.

**Средства од Буџетот на Општината...........................................60.000 денари**

### 4.2.Помош во пакети со училишен прибор за социјално загрозени ученици

Општина Кочани помага на учениците од социјално загрозени семејства со обезбедување на потребни училишни помагала со цел истите успешно да се вклучат во редовната настава. За оваа цел Општина Кочани воспоставува соработка со сите основни училишта.

**Средства планирани од Буџетот............................................150.000 денари**

### 4.3.Советодавни предавања во градинките во однос на препознавање и рано детектирање на аномалии кај децата

Општина Кочани ќе поддржи одржување на советодавни предавања со родители на деца од предуилшна возраст, згрижени во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани со цел

приближување на симптомите пред родителите заради рано откривање на аномалии кај децата или ментални нарушувања.

**Планирани од Буџетот ........................................................................20.000 денари**

**4.4.Обезбедување на стипендии за ученици без рдоители или од еднородителски семејства социјално загрозени, вклучени во образовниот процес**

За првпат оваа година планираме актвност која ќе биде насочена кон подобрување на квалитетот на живот на децата без родители и децата од еднородителски семејства кои се социјално загрозени, а истите се ученици во основно или средно училиште.

Правилник со критериуми ќе биде изготвен дополнително, а се планира со оваа мерка оваа година да бидат опфатени 20 деца.

**Средства планирани од Буџетот............................................400.000 денари**

| **Рекапитулар за активностите од точка 4. Детска заштита** |
|---|
| 4.1. Партиципација во згрижување на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ Кочани...........................................................60.000 денари |
| 4.2.Помош во пакети со училишен прибор за социјално загрозени ученици............................................................................................150.000 денари |
| **4.3.**Предавања за рано откривање на видови заболувањаи анломалии кај децата.......................................................................................................20.000 |
| **4.4.** Обезбедување на стипендии за ученици без рдоители или од еднородителски семејства социјално загрозени, вклучени во образовниот процес...400.000 ден. |
| **ВКУПНО:630.000 денари** |

## 5. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

### 5.1.Реализација на барања на граѓани или други непланирани активности важни за социјалната заштита

Општина Кочани е подготвена да одговори со реализирање и поддршка на други и дополнителни (непланирани) активности, проекти и/или мерки кои не се опфатени во оваа Програма, а кои би имале важно значење за локалната заедница во областа на

детската, социјалната и здравствената заштита на подрачјето на општина Кочани во 2022 година, како и излегување во пресрет на граѓани чии барања не спаѓаат во ниту една од предвидените и постоечки програмски активности, а имаат голема потреба од помош и поддршка од Општината.

**Планирани средства од Буџетот на Општина Кочани .........................120.000 денари.**

| **Рекапитулар за активностите од точка 6 . Реализирање и поддршка на други непланирани и дополнителни активности, барања на граѓани** |
|---|
| 6.1.Реализација на непланирани активности, барања од граѓани и сл........................................120.000 ден |
| **ВКУПНО: 120.000 денари** |

II.

1. Градоначалникот на Општина Кочани го обезбедува извршување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во Општината Кочани за 2024 година.
2. Исплата на средствата за реализација на активностите предвидени во оваа Програма се врши со одлука на градоначалникот или од него овластено лице за потпишување.
3. За остварување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во Општина Кочани за 2024 година ќе бидат користени средствата од:
   - Буџетот на Општина Кочани за 2024 година
   - Буџетот на МТСП
   - УНДП
   - Заинтересирани партнери за меѓусебна соработк,
   - Здруженија на граѓани, граѓански организации и
   - други извори на финансирање.

4. Вкупен рекапитулар за планираните средства за реализација на активностите во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во Општина Кочани за 2022 година

| **ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР** | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Планирани активности во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2024 година | Средства од Буџетот на Општина Кочани |
| **1.** | ПОМОШ НА СОЦИЈАЛНО-ЗАГРОЗЕНИ И ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК | **1.550.000,00** денари |
| **2.** | НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ | **320.000,00** денари |
| **3.** | ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | **450.000,00** денари |
| **4.** | ДЕТСКА ЗАШТИТА | **630.000,00** денари |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | РЕАЛИЗИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ, БАРАЊА НА ГРАЃАНИ | **120.000,00** денари |
| | ВКУПНО СРЕДСТВА: | **3.070.000,00** денари |

- **Планирани од Буџетот на Општината .............................3.070.000 денари;**

- **Планирани средства од проектни активности во областа на социјалната заштита.........................................................................** 8.754.400,00 денари

II.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2210/1
15.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев